***Република Македонија***

***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02 -10868/2***
***06.09. 2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XVII-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 06.09.2007 година во 10.00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради користење на годишен одмор*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи*

- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Златко Алексов, раководител на одделението за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Виолета Јовановска, стручен соработник од одделението за план и анализа*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат сите членови на УО по што го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XVI седница на УО одржана на 25.07.2007 година;*

1. *Предлог буџет за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
2. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-јуни 2007 година,*
3. *Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година,*
4. *Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година,*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
7. *Одлука за укинување на Одлуката за овластување на Директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување,*
8. *Разно.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XVI седница на УО одржана на 25.07.2007 година;*

1. *Предлог буџет за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
2. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-јуни 2007 година,*

*3. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година,*
*4. Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
*5. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година,*
*6. Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
*7. Одлука за укинување на Одлуката за овластување на Директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување,*
*8. Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*- Усвојување на записникот од XVI седница на Управниот одбор*

*Членовите на Управниот одбор кои присуствуваа на XVI седница едногласно и без забелешки го усвоија записникот од петнаесетата седница.*

***ТОЧКА 1 -** Предлог буџет за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Образложение на предлог буџетот даде Ромела Поповиќ. Како основни фактори кои влијаеле на буџетот за 2008 година ги наведе заедничката наплата на придонесите за социјално осигурување која треба да стартува од 2008 година и намалувањето на персоналниот данок од 12% на 10%. Објасни дека е планирано зголемување на приходите од плати за 1,22%. Овие приходи во структурата на приходите учествуваат со 48,60%. Зголемувањето е предвидено како резултат на реалното планирање на приходите од плати во минатите години, планираното зголемување на платите во државната администрација како и подобрувањето на редовноста во плаќањето на придонесот. Исто така наведе дека важна заштеда за Фондот ќе донесе приватизацијата на стоматологијата доколку биде извршена.*

*Борис Јосифовски укажа дека зголемувањето на платите се однесува само на јавната администрација која е еден помал дел од вработените на чии плати се плаќа придонес и праша дали е тоа земено предвид при проектирањето на приходите. Ромела Поповиќ одговори дека овој факт е земен предвид.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно го усвои Буџетот за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Во врска со оваа точка, директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека Министерството за здравство упатило до Фондот барање за финансирање на 947 вработувања во здравството. Побара Управниот одбор да завземе став во однос на ова барање како и во однос на зголемувањето на платите во здравството.*

*Трајче Леов праша дали кога се зборува за оваа бројка на нови вработувања не се мисли на лица кои веќе работеле во здравството но статусот не им бил регулиран односно работеле по договор за дело.*

*Директорот Тренкоски одговори дека најмногу 400 од споменатите 946 се со таков статус.*

*Во дискусијата потоа се вклучија Маријана Лончар Велкова и Љубиша Каранфиловски.*

*Потоа Трајче Леов побара објаснување за позицијата на Фондот во однос на Владата, т.е. дали доколку Владата донела одлука во насока на вработување на овие 946 лица, Фондот може да го одбегне финансискиот товар. Наведе и оти смета дека штом Владата предвидела нови вработувања, очекува и зголемени приходи од кои трошоците за новите вработувања ќе бидат намирени. Затоа со Владата треба да се договори како да се распореди финансискиот товар.*

*Директорот Тренкоски наведе дека доколку Владата бара финансискиот товар за овие вработувања и за зголемувањето на платите во здравството целосно да падне на товар на Фондот, тоа Фондот ќе мора да го реализира. Но во тој случај ќе бидат предизвикани големи намалувања на другите позиции во буџетот на Фондот.*

***ТОЧКА 2 -** Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-јуни 2007 година**.***

*Објаснување на Анализата даде Ромела Поповиќ. Наведе дека се работи за шестмесечна анализа, ја објасни структурата на приходите и ги извести членовите на Управниот одбор дека реализацијата на приходите е зголемена за 3,62% за првите три месеци. Во однос на капиталните инвестиции објасни дека до крајот на годината ќе бидат целосно реализирани и дека цела екипа работи на обезбедување на пристојни услови за работа и опслужување на странките во подрачните служби.*

*По излагањето, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања.*

*На крајот Управниот одбор едногласно ја усвои Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-јуни 2007 година.*

***ТОЧКА 3 -** Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*

*Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека ООЗТ Институти по тешки преговори се согласиле да потпишат договор со Фондот во кој е вклучена и клаузула според која здравствената установа го отпишува побарувањето од предходните години. Соодветно на тоа, по извршена детална и прецизна анализа е утврдена можноста на ООЗТ Институти да им се зголеми буџетскиот плафон од 64.454.000 на 130.000.000 денари. Од овој износ 6.000.000 треба да бидат наменски употребени за реконструкција во Институтот за патологија.*

*Ромела Поповиќ објасни дека треба да се измени буџетскиот плафон за Општата болница Тетово и Специјалната болница за ТБЦ Лешок - Тетово затоа што болницата во Лешок не е повторно отворена ниту во предвидениот термин - 01.08.2007 година. Поради тоа, вработените продолжија да работат во Општата болница Тетово.*

*Потоа објасни дека и за студентската здравствена станица "Св. Кирил и Методиј" треба да се зголеми буџетскиот плафон за 50% од причина што не е извршена приватизација.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година***

***ТОЧКА 4 -*** *Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Предложените измени во правилникот ги образложи Слаѓана Пешевска, а потоа Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 5 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година*

*Објаснување по оваа точка даде Златко Алексов. Тој го извести Управниот одбор дека екипа на Фондот ги посети сите подрачни служби и стекна увид во реалноста на потребите за реконструкција. До крајот на годината е невозможно да се инвестира во претходно предвидените четири подрачни служби, па затоа средствата се пренаменети за помали зафати во други подрачни служби. Покрај тоа, предвидени се и реконструкција на простории во приземјето на зградата на Фондот како и покривот на оваа зграда.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2007 година***

***ТОЧКА 6 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*И по оваа точка објаснување даде Златко Алексов кој детално по ставки ги објасни предвидените измени. По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

***ТОЧКА 7 -*** *Одлука за укинување на Одлуката за овластување на Директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека Одлуката за овластување на Директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување е донесена во 2004 година заради овозможување наплата на придонесот од обврзниците кои тоа навреме не го сториле поради што нивните обврски кон Фондот се зголемиле до мерка што не се во состојба целосно и наеднаш да ги подмират. Поради тоа, со овие обврзници се потпишувани договори за плаќање на долгот на рати и истовремено им се издавани потврди за платен придонес - сини картони на осигурениците вработени кај нив. До денес се постапува според оваа одлука иако тоа е повеќе на штета отколку од корист за Фондот. Имено, голем дел од обврзниците за плаќање на придонес откако ќе го потпишат договорот, плаќаат една рата од заостанатиот придонес, добиваат сини картони, а потоа престануваат со плаќањето на заостанатиот долг. Бидејќи Фондот ќе поведе судски постапки за наплата на долгот по основ на неплатен придонес против сите обврзници кои навремено не го плаќаат, постоењето на одлука која овозможува одложено плаќање може по поведувањето на судските постапки да го изложи Фондот на притисок за потпишување на нови договори. Затоа е потребно оваа одлука да се укине и Управниот одбор да донесе заклучок, по поведувањето на судски постапки за наплата на заостанатиот придонес Фондот да не се откажува од тужбите. Предлагам донесувањето на овие одлуки да се одложи за наредната седница, затоа што во тек се преговори помеѓу Фондот и јавното претпријатие Македонски Шуми за потпишување на договор за одложено плаќање на долгуваниот придонес. Ова јавно претпријатие има околу 4000 вработени кои доколку не се потпише договор ќе останат без здравствена заштита.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи оваа точка од дневниот ред да се одложи за наредната седница.*

***ТОЧКА 8 - Разно:***

*8.1 Дополнување на Програмата за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2007 година;*

*Објаснување даде директорот Тренкоски кој нагласи дека јавните здравствени установи кои се вклучени во предложеното дополнување на програмата се во катастрофална состојба и им се неопходни овие средства за овозможување на елементарни услови за работа. Без вакви инвестиции овие здравствени*

*установи нема да можат да им даваат услуги на осигурениците на Фондот. Потоа, одделно ја објасни состојбата во секоја одделна здравствена установа.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Дополнување***
***на Програмата за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2007 година***

*8.2 Објект во Крушево добиен во стечајна постапка;*

*Лазар Трајчев го запозна Управниот одбор дека при распределбата на стечајната маса на АД Илинденка од Крушево, на Фондот за здравствено осигурување на Македонија му припаднала недвижност. Побара Управниот одбор да одлучи како да се постапи со оваа недвижност, односно дали истата да се продаде или издава.*

*Свое мислење дадоа Трајче Леов и Љубиша Каранфиловски кои рекоа дека не е целисходно Фондот да управува со недвижности кои не служат за вршење на неговата дејност. Тоа би можело да предизвика само дополнителни трошоци. Затоа е подобро недвижноста да се продаде.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе одлука недвижноста во Крушево да се продаде.*

*8.3 Раскинат договор со лекар од Делчево кај кого контролата на Фондот утврдила неправилности во работењето;*

*Лазар Трајчев го извести Управниот одбор дека Фондот го раскинал договорот со Лекар од Делчево во чија здравствена установа контролата на Фондот утврдила неправилности во работењето како на пример недостаток на ампуларна терапија. Во договорите што Фондот ќе ги склучува во иднина ќе бидат предвидени и договорни казни, меѓутоа актуелните договори единствено предвидуваат раскинување на договорот кога здравствената установа не се придржува кон неговите одредби. Лекарот поднел приговор до Фондот.*

*Страшо Наумоски укажа дека со раскинување на договорот се предизвикуваат тешки последици за лекарот во чија здравствена установа се утврдени неправилности. Тоа оттаму што по раскинувањето на договорот лекарот ќе ги загуби пациентите кои го избрале за матичен лекар. Пациентите не можат да чекаат овој лекар во иднина евентуално да склучи нов договор со Фондот па ќе изберат нов. Затоа е подобро да се примени парична казна.*

*Заменикот на директорот на Фондот Љатиф Аљиљи укажа дека во конкретниот случај се работи за лекар кој има уште 18 месеци до пензионирање па со раскинување на договорот веројатно неговата лекарска кариера би била завршена.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно го одби приговорот.*

*8.4 Барања за откуп на побарување на Фондот утврдено во стечајна постапка;*

*Лазар Трајчев го запозна Управниот одбор дека Фондот е доверител со утврдено побарување во стечајната постапка над АД ЗИК Лозаро - овоштарство и преработка од Куманово. Во врска со тоа, до Фондот се пристигнати две понуди за откуп на побарувањето. Едната е во висина на побарувањето утврдено во стечајната постапка а другата во висина на поднесеното побарување во кое е вклучен и делот што стечајниот управник го оспорил.*

*Директорот Тренкоски предложи да се повикаат двата понудувачи и да се побара целиот износ да го платат наеднаш.*

*Во дискусијата се вклучија Трајче Леов, Маријана Лончар Велкова и Борис Јосифовски кој предложи да се повика само понудувачот кој ја дал повисоката понуда.*

*Потоа, Управниот одбор донесе одлука да се повика понудувачот со повисока понуда и доколку се согласи да ја плати вкупната сума на побарувањето, со него да се склучи договор за продажба на побарувањето на Фондот спрема АД ЗИК Лозаро - овоштарство и преработка во стечај.*

*8.5 Приговор од ПЗУ за физикална медицина и медицинска рехабилитавија "Д-р Васка";*

*Лазар Трајчев го запозна Управниот одбор со приговорот на ПЗУ за физикална медицина и медицинска рехабилитавија "Д-р Васка" со кој оваа здравствена установа приговара поради тоа што Фондот не склучил договор со неа.*
*Во дискусијата се вклучија повеќе членови на Управниот одбор кој наведоа дека Управниот одбор на една од претходните седници веќе имаше на дневниот ред приговори од здравствени установи со кои Фондот не склучил договор. Во таа прилика беше утврдено дека постапката за склучување на овие договори не се води според прописите на управната постапка, туку според прописите на облигационото право. Според тоа здравствените установи со кои не е склучен договор немаат право на приговор до второстепен орган.*

*Согласно на тоа, Управниот одбор одлучи дека не е надлежен да одлучува по овој приговор.*

*8.6 Правилник за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Лазар Трајчев објасни дека со предложеното дополнување на Правилникот, се уредува постапката за остварување на правото на батерии и приклучок за лицата кои имаат вградено кохлеарен имплант.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*8.7 Барање од ПЗУ "Протетика - Про" - Гостивар*

*Во врска со ова барање, Управниот одбор одлучи дека оваа проблематика не е во надлежност на Управниот одбор и дека по ова барање треба да постапат менаџментот и стручните служби на Фондот.*

*8.8 Болница Тетово - блокада на сметката*

*Директорот Тренкоски и Ромела Поповиќ го запознаа Управниот одбор дека сметката на Општата болница Тетово е блокирана и дека болницата од Фондот побарала финансиска помош за деблокирање на сметката. Доколку Управниот одбор е подготвен да и помогне на болницата, може да изгласа Фондот да и даде на болницата аванс. Нагласија дека тетовската болница е реформски насочена и до блокада на сметката дошло поради порано настанат долг. Поради тоа сметаме дека во оваа состојба треба да и се помогне.*

*Во дискусијата по објаснувањето учествуваа Љубиша Каранфиловски, Трајче Леов, Маријана Лончар Велкова и Страшо Наумоски , по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Да се одобри аванс на Општата болница Тетово заради деблокирање на сметката и менаџментот на Фондот да направи анализа на сите долгови на болницата и програма за санација.*

*Управниот одбор заврши со работа во 14.10 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***